Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

Министерство за труд
и социјална политика
Проект за подобрување на социјалните
услуги (ППСУ)
Кредит Бр.8902-МК

SUPPORTED BY
WORLD BANK GROUP

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**на јавна расправа со цел информирање на граѓаните и засегнатите страни за активностите за изградба на нова градинка и за документот *Првична ограничена оцена на влијание врз животна средина и социјални аспекти за изградба на нова градинка* во Општина Липково во рамки на Проектот за подобрување на социјални услуги (ППСУ)**

Со цел зголемување на капацитетите за сместување на деца од претшколска возраст, Министерството за труд и социјална политика, во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) поддржан од Светска Банка, објави јавен повик за аплицирање на проекти од страна на општините и доделување на грантови за таа намена. Општина Липково аплицираше со проект за изградба на нова детска градинка. Согласно Оперативниот прирачник за ППСУ и Оперативниот прирачник за администрирање грантови за изградба на предучилишна инфраструктура како и Планот за вклучување на засегнати страни, се организира јавна расправа со цел да се информираат граѓаните и засегнатите страни за планираните активности за изградба на нова градинка како и за таа намена изработениот документ од јавен интерес - *Првична ограничена оцена за влијание врз животна средина и социјални аспекти* која содржи анализа на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од реализацијата на проектот.

Документот „Првична ограничена оцена на влијание врз животна средина и социјални аспекти" ќе биде ставен на јавен увид на веб страните на: Министерството за труд и социјална политика (http://www.ssip.gov.mk), и на Општина Липково (https://komunaelikoves.gov.mk/faqja/).

Коментари може да се доставуваат во рок од 14 дена од објавување на Известувањето за реализација на јавна расправа. Назначеното лице од Општина Липково за примање на коментарите е Осман Зендели (osmanzendeli@komunaelikoves.gov.mk), или за испраќање коментари до МТСП преку механизмот за адресирање прашања и поплаки,

Со цел презентирање на главните наоди од подготвениот документ „Првична ограничена оцена на влијание врз животна средина и социјални аспекти", Министерството за труд и социјална политика заедно со Општина Липково ќе организираат он-лајн јавна расправа на ден **29.03.2021** со почеток во **13:00 часот**. Јавната расправа ќе се одржи преку ЗУМ платформата. За пристап може да се регистрирате преку Е-формуларот и на е-маил ќе ви биде доставен ЗУМ линкот.

Министерството за труд и социјална политика
22.03.2021